**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

**ул. Антон Попов бр.1-4/5, Скопје**
**(02) 3246 851/852**

Бр. 02 -631/7
20.08.2020 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа член 28 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, на продолжението на својата **15-та седница,** одржано на ден **19.08.2020 година** ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

За набавка на услуги – **изработка на софтвер за полагање на стручен испит**, како и **набавка на потребна компјутерска опрема** која ќе го поддржува истиот.

Се задолжува Секторот финансии на Комората да собере понуди за изработка на софтвер и набавка на компјутерска опрема.

**Член 2**

Согласно новиот Правилник за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата *(Сл. весник бр*. 148/20 од 04.06.2020 година), поради обновената база на прашања за полагање на стручен испит се наметна и потребата за изработка на нов софтвер.

**Член 3**

По изборот на најповолен понудувач за изработка на софтвер и набавка на компјутерска опрема, со сяшсдш ќе биде склучен Договор за набавка.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *
М.П.